0109300014

*Република Македонија*
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Управа за заштита на културното наследство
Бр. УП.1 10-104
26.02. 2014 год.
Скопје

Reçu CLT / CIH / ITH
Le 3 1 MARS 2014
N° 0242

Во согласност со член 205 став 1 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/05 и 110/08) и член 40 став 2 точка 2 од Законот за заштита на културното наследство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 20/04, 115/07, 118/11) по Предлог за донесување акт за прогласување на духовното културно добро "Обичајот Мартинки", за значајно културно наследство, на Институтот за фолклор "Марко Цепенков "– Скопје, со бр. 02-54 од 29.01.2014 година, Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура донесе:

# РЕШЕНИЕ

## за прогласување на „Обичајот Мартинки " за значајно културно наследство

1. **„Обичајот Мартинки "** се прогласува за значајно културно наследство.

2. Датирањето на духовното добро не може со прецизност да се утврди, бидејќи станува збор за архаична обредност со апотропејска магиска позадина, поврзана со култот на природата и плодноста.

3. **„Обичајот Мартинки"**, се празнува на први март (по стариот календар на четиринаесетти март) секоја година. Во народниот календар овој празник е познат под неколку имиња: Марта, Првна Марта, Баба Марта, Мартинден, Летник и сл. Мартинките се носат за здравје и среќа, за заштита од змии, и тоа неколку денови во март, сè до првото појавување на птиците преселници, кога мартинките се ставаат под камен или обесуваат на дрво.

4. Духовното културно добро „Обичајот Мартинки" се манифестира со правење и носење мартинки, кои претставуваат усукани конци (најчесто во бел и црвен, понекогаш темен волнен конец) како своевидни амајлии кои се носат за заштита. Мартинките се изготвуваат ноќта пред 1-ви март, а во некои региони и на самиот ден, на изгрејсонце. Мартинките во минатото биле распространети на целата територија на Република Македонија, денес повеќе застапени со источните и централните делови на земјата.

5. Обредноста што се извршува на овој празник се доведува во корелација со обредноста од култот на змиите, слично како и на празниците: Св. 40 Маченици, Благовец, Еремија и Ѓурѓовден. Празнувањата на Ѓурѓовден се заштитено добро со одлука на Влада бр. 51-3611/12 од 19.07.2011год., како културно наследство од особено значење, подкатегорија исклучително значење. Како посебна карактеристика на обичајот *Мартинки*, се издвојува токму изработката на амајлии од двобојни усукани конци, понекогаш и со посебни антропоморфни фигурки.

Адреса: „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61; П. фах 220; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел. 02/3289-700; факс 02/3289-777
contact@uzkn.gov.mk uzknrm@t-home.mk ordi@uzkn.gov.mk upkulnas@t-home.mk

6. За степенот на загрозеност на *Обичајот мартинки* не може со голема прецизност да се зборува со оглед на парцијалните и нецелосни информации од теренот. Причините, односно факторите за загрозеност на овој обичај се ерозијата на традициската религија, односно неверувањето во делотворноста на обредната постапка. Појавата пак на изработка и подарување на мартинки од страна на некои здруженија на граѓани, како и на други формални и неформални институции го реафирмира овој обичај и ја продолжува неговата егзистенција. Оттаму, доброто се смета за задоволително истражено, но од аспект на живо практикување, доброто се смета за загрозено.

7. Предметното добро е во сопственост на Република Македонија а носители на доброто се граѓаните на целата територија на државата.

8. Според Националната Класификација на културното наследство, предметното добро, припаѓа во групата духовни културни добра, подгрупа народни обреди и обичаи, тип обичаи од годишен циклус, поттип Летник/Марта бр. 3.1.2.2.30.

9. Врз основа на ова решение се врши запишување на заштитеното добро во Националниот регистар на културното наследство и тоа во Главната книга, Дел трети – Духовно културно наследство.

10. Жалбата против ова решение не го одлага неговото извршување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура, со својство на правно лице, доставен е елаборат за валоризација на духовното културно добро **"Обичајот Мартинки"**, на Институтот за фолклор "Марко Цепенков"- Скопје, со бр. 02-54 од 29.01.2014 година, во кој се предлага да се донесе акт за прогласување на доброто за значајно културно наследство.

Во согласност со член 40 став 2 точка 2 од Законот за заштита на културното наследство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 20/04, 115/07 и 118/11) актот за прогласување на значајно културно наследство го донесува Управата за заштита на културното наследство.

Предметното добро со официјален назив **"Обичајот Мартинки"**, се прогласува за значајно културно наследство. Во народниот календар овој празник се нарекува уште и *Марта, Баба Марта, Мартинден, Летник*. Празнувањата на самиот обичај се манифестираат со правење и носење на *мартинки*, кои претставуваат усукани (во поново време исплетени) конци (најчесто во црвена и бела боја, поретко со темна зелена или сина боја). Датирањето на духовното добро не може прецизно да се лоцира, бидејќи како архаична обредност со апотропејска магиска позадина, поврзана со култот на природата и плодноста, а се доведува и во корелација со некои од обредите од култот на змиите, како Св. 40 Маченици, Благовец, Еремија и Ѓурѓовден кој е заштитен со одлука на Влада бр. 51-3611/12 од 19.07.2011год., како културно наследство од особено значење, подкатегорија исклучително значење. Како посебна карактеристика на овој обичај се издвојува изработката на амајлии од двобојни усукани (во поново време и исплетени) конци, понекогаш и со посебни антропоморфни фигурки.

За степенот на загрозеност на *Обичајот мартинки* не може со голема прецизност да се зборува со оглед на парцијалните и нецелосни информации од теренот. Обичајот на изработка и носење на мартинките, денес, во некои делови од државата речиси и да не е познат како обредна пракса, а во одредени региони тоа се практикува сосема ретко. Причините, односно факторите за загрозеност на овој обичај се ерозијата на традициската народна религија, односно неверувањето во делотворноста на обредната постапка. Појавата пак на изработка и подарување на мартинки од страна на некои здруженија на граѓани, како и на други формални и неформални институции го реафирмира овој обичај и ја продолжува неговата егзистенција. Оттаму, доброто се смета за задоволително истражено, но од аспект на живо практикување, доброто се смета загрозено.

Предметното добро е во сопственост на Република Македонија а носители на доброто се граѓаните на целата територија на државата. Според Националната Класификација на културното наследство, предметното добро, припаѓа во групата духовни културни добра, подгрупа народни обреди и обичаи, тип обичаи од годишен циклус, поттип Летник/Марта бр. 3.1.2.2.30. Категоризацијата на доброто за значајно културно наследство се врши во функција на јасно утврдување на јавниот интерес за истото, во согласност со член 29 од Законот за заштита на културното наследство.

Врз основа на ова решение се врши запишување на заштитеното добро во Националниот регистар на културното наследство и тоа во Главната книга, Дел трети – Духовно културно наследство.

За предметното добро се предлага режим на заштита од втор степен кој подразбира задржување на практиките поврзани со доброто во нивната постојна состојба; Од аспект на почитување и негување на знаењата за ова добро, предвидено е реактуелизација на локалните карактеристики на изработката на мартинските во секој регион каде овој вид добра се сѐуште живо наследство. Режимот на заштита предвидува снимање на документарен филм; правење теренски записи; префрлање на аналогните записи за ова добро во дигитален формат и воведување на содржини за овој вид нематеријално културно наследство во практичната настава на формалното и неформалното образование во Република Македонија.

Со оглед на гореизнесеното, Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Упатство за правно средство**: Против ова решение, преку Управата за заштита на културното наследство, може да се поднесе жалба до Министерството за култура во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на неговото добивање. Жалбата против решението за прогласување на значајно културно наследство не го задржува извршувањето на решението.

ДИРЕКТОР,

*д-р Виктор Лилчиќ*

Доставено до:
-Институт за фолклор Марко Цепенков-Скопје
-Министерство за култура
- Досие
- Архива

Изготвил: м-р Ивона Опетческа Татарчевска
Проверил и одобрил: Валентино Димитровски

Адреса: „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61; П. фах 220; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел. 02/3289-700; факс 02/3289-777
contact@uzkn.gov.mk uzknrm@t-home.mk ordi@uzkn.gov.mk upkulnas@t-home.mk

*Република Македонија*
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Управа за заштита на културното наследство

**ГЛАВНА КНИГА**
ДЕЛ ТРЕТИ

ДУХОВНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

## НАЦИОНАЛЕН РЕГИСТАР НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

| Ред. Бр. | Назив на заштитеното добро: |
|---|---|
| 2 | ОБИЧАЈОТ МАРТИНКИ |

| ЕМБ: | Акт за заштита: | Фотографија |
|---|---|---|
| 3R0000055 | | |
| **Класификација:** 3.1.2.2.30 | **Решение за регистрација:** Решение Бр.УП.1 10-104 од 26.02.2014 | |
| **Категорија:** Значајно културно наследство | **Време на создавање:** | |

| | | |
|---|---|---|
| | **Надлежна институција:** ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“ СКОПЈЕ | **Фотографирал** |

Дополнителни уписи :

Причини за ставање под заштита :

Обичајот мартинки е прилично распространет на територијата на Р. Македонија, но и пошироко во балкански контекст, особено во источната половина од полуостровот. На тој начин овој обичај ги надминува националните рамки и има пошироко значење за регионот на Југоисточна Европа.

Валоризацијата на обичајот мартинки, е извршена според критериумите коишто се однесуваат за нематеријалните добра, наведени во членот 3 од Правилникот за валоризација, категоризација и ревалоризација на културното наследство, и тоа конкретно според нивната етнолошка вредност.

Од критериумите што се однесуваат на својствата на споменатиов обичај земени се во предвид нивната:

1. Автентичност - изразена преку степенот на присутност на изворните, односно оригиналните обредни реквизити, односно разните форми на мартинките;
2. Реткост - изразена во однос на фактот што овој обичај во оригинална форма с? поретко се извршува;
3. Разновидност - изразена како богатство на разни содржини, односно присутност на разните форми на мартинките, како и разните бои, покрај црвената и белата, што се користат при нивната изработка;
4. Интегралност - изразена преку степенот на единството на функциите и облиците, вклопеноста на структурите, односно содржините, со оглед на фактот што сите овие обичаи се извршуваат во одреден период, т.е. на празникот кој го одбележува почетокот на месецот март, а воедно и почетокот на пролетта, односно започнувањето на новиот годишен циклус (пролетна нова година);
5. Старост - изразена како време на настанување, со оглед на веќе споменатите факти за архаичноста на обичајот што се извршува во почетокот на март, односно во периодот на доаѓањето на пролетта.

Овој Елаборат предвидува заштита на обичајот мартинки што се извршува на првиот ден од месецот март, најчесто познат како Марта (Првна Марта, Баба Марта) или Летник. Извесен дел од обредните елементи присутни при овој обичај, како што се самите обредни реквизити - мартинките, како и дел од верувањата поврзани со овој обичај се доведуваат во врска со неговото мошне старо потекло. Освен општите заеднички црти што се јавуваат при обичајот мартинки ширум Р. Македонија, во пределите каде што е регистриран обичајот, во одредени случаи овој обичај се одликува и со одредени локални специфичности. Од друга страна, пак, извесни паралели можат да се воспостават и со обредната пракса на некои од балканските народи, нормално со сите заеднички карактеристики, но и со своите посебности во обредноста. Со оглед на фактот што во последно време се случува незапирлива деструктурализација на традиционалната духовна цултура, т.е. ерозија на традициската народна религија, односно неверувањето во делотворноста на обредната постапка од една страна, додека од друга страна, пак, се случува извесна контаминација од аспект на влијанието на обредната пракса на некои од соседните народи, сметаме дека судбината на овој обичај на некој начин се доведува во прашање. Затоа, од погоре наведените причини предложивме ова културно добро со национален карактер да се класифицира во категоријата значајно културно наследство.

Режим на заштита :

Режимот на заштита од втор степен кај нематеријалното културно наследство подразбира зачувување на изворната состојба и можност за пренесување на постојните записи на нов, од техничко-технолошки аспект подобар, односно потраен носач, т.е. на нов вид медиум.
Почитувањето и негувањето на обичајот мартинки да се врши во неговата изворна форма,. Соодветно внимание на презентирањето на овој обичај да се посвети и преку снимањето на документарни емисии и на други форми на видео-записи. Исто така, неговото почитување и негување може да се обезбеди и преку практична настава во детските градинки и пониските одделенија во основните училишта.
Доколку е возможно обичајот мартинки да се извршува во неговата автентична, т.е. традиционална форма, без поголемо влијание од обичајната пракса во соседните земји.
Според член 18 од Правилникот потребно е соодветно регистрирање на обичајот мартинки, како нематеријално добро, и тоа, според неколку типа записи: а) теренско истражување за снимање на аудио-записи за обичајот, од што подоцна ќе произлезат и дескриптивни записи и соодветна реконструкција на неговиот традиционален модел; б) снимање на аудио-видео запис со реконструкција на автентичниот (традиционален) модел на обичајот, како и снимање на аудио-видео запис на обичајот во неговата современа состојба.
За поттикнување на пренесувањето на обичајот мартинки што се практикува на празникот Марта (Летник) и понатаму преку речиси целиот месец март, потребна е извесна афирмација преку презентирање на документарни и слични емисии кои ќе го претстават самиот обичај и неговата обредна пракса. Изработката и носењето на мартинките и во современи услови, без оглед на тоа, дали се работи за стихијна (самоиницијативна) дејност на поединци или групи, или пак за институционално организирана активност (детски градинки, основни училишта), доволно говори за настојувањето за поттикнување и пренесување на овој обичај како културно наследство. Сепак, сметаме дека е потребно овој обичај да се задржи што е возможно повеќе во неговата изворна форма, односно да не се дозволи внесување на премногу новитети од обредната пракса на соседните народи.

Степен на заштита :

режим на заштита од втор степен

| Бришење: | Поврзаност со друго заштитено добро:<br>Четр се – обредност поврзана со празникот Свети 40 маченици (Младенци) во Штип<br>Празникот Ѓурѓовден кај Македонците во Република Македонија |
|---|---|

Опис на доброто :

Обичајот на правење мартинки, односно на еден вид амајлии изработени од усукани конци (најчесто од црвена и бела боја) се поврзува со почетокот на месецот март - први март, кој во народниот календар е познат под неколку имиња: Марта, Првна Марта, Баба Марта, Мартинден, Летник и сл. Покрај вообичаеното народно толкување, дека мартинките се носат за здравје и среќа во текот на претстојната година/лето, постои толкување и дека тие се носат "за од змии", т.е. луѓето да немаат проблеми со змиите преку летото.
Самите мартинки, кои најчесто се од црвени и бели конци, според традицијата вообичаено се изработуваат одвечер, спроти 1-ви март, или пак, во некои предели на самиот празник пред изгревот на сонцето. Според едно верување регистрирано во Радовишко, доколку конците се усукуваат на самиот празник, во тој случај змиите ќе се "сукаат" околу луѓето преку летото додека работат по полето. Исто така, во некои предели, како на пример во Пијанец, постои и верување, дека мартинките кога се носат околу раката во пределот на шаката, не треба да се гледаат, односно не треба да ги види сонце - "за да не те изгори сонцето преку летото", т.е. носителот на мартинката во тој случај ќе има проблеми со јакото Сонце.
Мартинките вообичаено се носат неколку денови во текот на месецот март и најчесто времетраењето на носењето на овие своевидни амајлии за заштита на луѓето од зло, несреќа и разни неволи, односно да им донесе здравје и среќа (к'смет) зависи од доаѓањето на преселните птици од југ. Имено, според народното толкување регистрирано во некои предели во источниот дел на Македонија, мартинките се носат с? додека не се здогледа првата ластовичка или штрк, кога според обредната пракса, мартинката се симнува од раката и се става под камен. Постојат и извесни варијанти во однос на боите на конците од коишто се изработувале мартинките, па така, освен од вообичаените црвено-бели мартинки, се правеле и мартинки од бела и црна волна во природна боја (Дебарца), или пак од црвени и модри конци, како што е на пример случајот во некои радовишки села, кога усуканите мартинки, освен на делови од телото (раце, врат, половина) се ставале и на бутимот.

| | |
|---|---|
| Карактеристичен запис и автор на записот: | |
| Посебни Карактеристики<br>Како посебни карактеристики на овој обичај може да се издвои изработката на амајлии од двобојни конци, најчесто црвени и бели волнени конци, понекогаш и со посебни антропоморфни фигурки. | |
| Поврзаност со простор:<br>Споредбени истражувања и анализи можат да се направат во однос на обичаите со мартинките што се прават во разните предели на територијата на Р. Македонија, преку кои може да се регистрираат и посебните локални или регионални варијанти на обредноста. Од друга страна, пак, обичаите што се практикуваат во врска со мартинките може да се споредува и со обредната пракса поврзана со овој обичај ширум источниот и централниот дел на Балканот, па и пошироко. | |
| Датум на уписот:<br>26.02.2014 | Лице кое го извршило уписот: |
| Забелешки: | |

*Republic of Macedonia*
MINISTRY OF CULTURE
Cultural Heritage Protection Office

No. UP.1 10-104
26.02. 2014
Skopje

In line with article 205, paragraph 1 of the Law on General Administrative Procedure ("Official Gazette of the Republic of Macedonia" no. 38/05 and 110/08) and article 40, paragraph 2 point 2 of the Law on Protection of Cultural Heritage ("Official Gazette of the Republic of Macedonia" no. 20/04, 115/07, 118/11), upon the Motion for adoption of a proclamation act for the intangible cultural property the "Martinki Custom", as significant cultural heritage submitted by the Institute for Folklore "Marko Cepenkov" – Skopje, no. 02-54 of 29.01.2014, the Cultural Heritage Protection Office, a body within the Ministry of Culture, adopted a:

# DECISION

## for proclamation of the "Martinki Custom" as significant cultural heritage

1. The "Martinki Custom" is proclaimed as significant cultural heritage.
2. The dating of the intangible property cannot be precisely determined, as it is an archaic ritual with an apotropaic magical background, related with the cult of nature and fertility.
3. The "Martinki Custom" is celebrated on the 1st of March (according to the old calendar – the 14th of March) each year. In the popular calendar this feast is known under several different names: Marta, Prvna Marta, Baba Marta, Martinden, Letnik etc. The *martinki* are worn for good health and good luck, for protection from snakes, for a few days in March, until the first sight of migratory birds, when the *martinki* are placed under a stone or are being hung on a tree.
4. The intangible cultural property the "Martinki Custom" is manifested by the making and wearing of *martinki*, that are intertwined threads (most often in white and red, sometimes dark woolen thread) as some amulets that are worn for protection. The *martinki* are made on the night before the 1st of March, and in some regions also on this very day at sunrise. In the past, the *martinki* were to be found within the entire territory of the Republic of Macedonia, while nowadays they are more common in the eastern and central parts of the country.
5. The ritual that is performed during this feast is brought in correlation with the rite of the cult of serpent, alike with the feasts of the Holy 40 Martyrs, Blagovec (Annunciation), Eremija (St.Jeremiah) and Gjurgjovden (St.George's day). The celebration of Gjurgjovden (St.George's day) is a protected property by a Decision of the Government, no. 51-3611/12 of 19.07.2011, as cultural heritage of special significance, subcategory of exceptional significance. A special characteristic of the Martinki Custom is the making of amulets of bi-colored intertwined threads, sometimes also with special anthropomorphic figurines.
6. The extent of endangerment of the Martinki Custom cannot be precisely determined taking in consideration the partial and incomplete field information. The reasons, i.e. the endangerment factors for this custom, are the erosion of the traditional religion, i.e. the disbelief in the efficiency of the rite procedure. The making and gifting of *martinki* by some citizen's associations, as well as by some other formal and informal institutions, reaffirms this custom and continues its existence. Hence, the property is considered to be sufficiently researched, but from the aspect of its living practicing, the property is considered to be endangered.
7. The property is owned by the Republic of Macedonia, and its bearers are the citizens on the entire territory of the country.
8. According to the National Classification for Cultural Heritage, the property in case is within the group of intangible cultural properties, sub-group popular rites and customs, type – customs of an annual cycle, sub-type Letnik/Marta no. 3.1.2.2.30.
9. On the basis of the Decision, the protected property is enlisted in the National Registry of Cultural Heritage, in the Main Book, Part Three – Intangible cultural heritage.
10. Any appeal against this Decision does not postpone its execution.

Адреса: „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61; П. фах 220; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел. 02/3289-700; факс 02/3289-777
contact@uzkn.gov.mk uzknrm@t-home.mk ordi@uzkn.gov.mk upkulnas@t-home.mk

## RATIONALE

The Institute for Folklore "Marko Cepenkov" – Skopje, submitted to the Cultural Heritage Protection Office, a body and a legal entity within the Ministry of Culture, a Study for evaluation of the intangible cultural property the "Martinki Custom" no. 02-54 of 29.01.2014, proposing the adoption of a proclamation act for the property as significant cultural heritage.

In line with article 40 paragraph 2 point 2 of the Law on Protection of Cultural Heritage ("Official Gazette of the Republic of Macedonia" no. 20/04, 115/07 and 118/11), the proclamation act is adopted by the Cultural Heritage Protection Office.

The property with official title the "Martinki Custom" is proclaimed as significant cultural heritage. In the popular calendar this feast is also called Marta, Baba Marta, Martinden, Letnik. The celebrating of the custom is manifested by the making and wearing of *martinki*, that are intertwined (recently also knitted) threads (most often in white and red, and rarely in dark green or blue color). The dating of the intangible property cannot be precisely determined, as it is an archaic ritual with an apotropaic magical background, related with the cult of nature and fertility, that is also brought in correlation with some of the rituals of the cult of serpent, alike with the feasts of the Holy 40 Martyrs, Blagovec (Annunciation), Eremija (St.Jeremiah) and Gjurgjovden (St.George's day), the latter being a protected property by a Decision of the Government, no. 51-3611/12 of 19.07.2011, as cultural heritage of special significance, subcategory of exceptional significance. A special characteristic of the Martinki Custom is the making of amulets of bi-colored intertwined (and recently knitted) threads, sometimes also with special anthropomorphic figurines.

The extent of endangerment of the Martinki Custom cannot be precisely determined taking in consideration the partial and incomplete field information. The custom of making and wearing of *martinki* today, in some parts of the country, is almost unknown as a ritual practice and in some regions it is seldom practiced. The reasons, i.e. the endangerment factors for this custom, are the erosion of the traditional religion, i.e. the disbelief in the efficiency of the rite procedure. The making and gifting of *martinki* by some citizen's associations, as well as by some other formal and informal institutions, reaffirms this custom and continues its existence. Hence, the property is considered to be sufficiently researched, but from the aspect of its living practicing, the property is considered to be endangered.

The property is owned by the Republic of Macedonia, and its bearers are the citizens on the entire territory of the country. According to the National Classification for Cultural Heritage, the property in case is within the group of intangible cultural properties, sub-group popular rites and customs, type – customs of an annual cycle, sub-type Letnik/Marta no. 3.1.2.2.30. The categorization of the property as significant cultural heritage is performed within the scope of determining the public interest, in line with article 29 of the Law on Protection of Cultural Heritage.

On the basis of the Decision, the protected property is enlisted in the National Registry of Cultural Heritage, in the Main Book, Part Three – Intangible cultural heritage.

A second degree protection regime is proposed for the property. It envisages preservation of the practices related to the property in its existent condition. From the aspect of respect and fostering of the knowledge about this property, it is foreseen to re-affirm the local features of the making of *martinki* in each region where this type of properties are still being a living heritage. The protection regime foresees filming of a documentary feature; making of field recordings; transfer of the analog recordings of the property into a digital format and introducing of topics on this type of immaterial cultural heritage in the practical curricula within the formal and informal education in the Republic of Macedonia.

Considering the above-stated, the Cultural Heritage Protection Office, a body within the Ministry of Culture, had ruled as in the disposition of this Decision.

**Legal recourse instruction**: An appeal against this Decision can be submitted, though the Cultural Heritage Protection Office, to the Ministry of Culture in 15 (fifteen) days from the day of its receipt. The appeal against the Decision for proclamation of significant cultural heritage does not postpone its execution.

DIRECTOR,
***Viktor Lilchikj PhD***

Submitted to:
-Institute for Folklore Marko Cepenkov – Skopje
-Ministry of Culture
- File
- Archive

Prepared by: Ivona Opetcheska Tatarchevska M.A.
Controlled and approved: Valentino Dimitrovski

Republic of Macedonia
MINISTRY OF CULTURE
Cultural Heritage Protection Office

MAIN BOOK
PART THREE

INTANGIBLE CULTURAL HERITAGE

<table>
<tr><th colspan="3">NATIONAL REGISTRY FOR CULTURAL HERITAGE</th></tr>
<tr><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td>Reg.No.<br>2</td><td colspan="2">Name of the protected property:<br>THE MARTINKI CUSTOM</td></tr>
<tr><td>URN:</td><td>Protection act:</td><td rowspan="3"></td></tr>
<tr><td>Classification:<br>3.1.2.2.30</td><td>Decision for registration:<br>Decision UP.no.1 10-104 of 26.02.2014</td></tr>
<tr><td>Category:<br>Significant cultural heritage</td><td>Time of creation:</td></tr>
<tr><td></td><td>Competent institution:<br>INSTITUTE FOR FOLKLORE<br>Marko Cepenkov - Skopje</td><td></td></tr>
</table>

| Additional entries |
| --- |
| Reasons for placement under protection:<br><br>The Martinki Custom is quite widespread on the territory of the Republic of Macedonia, but also wider in the Balkans context, especially in the eastern half of the peninsula. Thus, this custom surpasses the national framework and has a wider significance for the South-East Europe region.<br>The evaluation of the Martinki Custom was made in line with the criteria referring to immaterial properties, given in article 3 of the Bylaw for Evaluation, Categorization and Re-evaluation of Cultural Heritage, and concretely according to their ethnological value.<br>The following criteria, referring to the values of this custom had been taken in consideration:<br>1. Authenticity - expressed though the degree of presence of the original rite paraphernalia, i.e. the different forms of *martinki*;<br>2. Rarity - expressed face to the fact that this custom is becoming less and less performed in its original form;<br>3. Diversity - expressed as a richness of different features, i.e. presence of the different forms of the *martinki*, as well as the different colors, that, besides the red and the white, are being used in their making;<br>4. Integrity - expressed by the degree of unity of functions and forms, the harmonization of the structures, i.e. features, having in mind the fact that all these customs are performed in a certain period, that is, during the feast that celebrates the beginning of the month of March, and, at the same time, the beginning of spring, i.e. the start of the new annual structure (the spring new year);<br>5. Age - expressed as time of creation, having in mind the already mentioned fact about the archaism of the custom that is performed at the beginning of March, i.e. in the period of the arrival of spring.<br><br>This Study foresees protection of the Martinki Custom that is performed on the first day of March, most commonly known as Marta (Prvna Marta, Baba Marta) or Letnik. Certain parts of the rite elements present within this custom, as are the very rite paraphernalia - the *martinki*, as well as a part of the beliefs related to this custom, are brought in relation with its very old origin. Except for the common joint features that appear during the Martinki Custom all over the Republic of Macedonia, in the areas where this custom was registered, in certain cases, this custom also features certain local specifics. On the other hand, there can be certain parallels drawn with the customary practices of some of the Balkan peoples, naturally with all the common characteristics, but also with their specificities in the rite. Having in mind that lately there is an unstoppable destructuralization of the traditional intangible culture, i.e. erosion of the traditional popular religion, i.e. the disbelief in the efficiency of the ritual procedure on one hand, while on the other hand, there is a certain contamination from influences from some of the neighboring peoples, we consider that the destiny of this custom, is, in a way, becoming questioned. Therefore, having in mind the above-stated reasons we have proposed that this cultural property of national character should be classified within the category of significant cultural heritage. |
| Protection regime:<br><br>The regime of protection of second degree of the intangible cultural heritage means preserving the original condition and the possibility of transferring the existing recordings on a new, technologically superior i.e. more permanent medium. |

| | |
|---|---|
| The respect and fostering of the custom of *martinki* is to be done in its original form. Appropriate attention is to be given to the presentation of this custom through production of documentary films and other forms of video recordings. In addition, its respect and fostering can be secured by practical lectures in kindergartens and lower levels of the primary schools.<br>If it is possible the custom of *martinki* is to be done in its authentic and traditional form without more significant influences of the similar customs from the neighboring countries.<br>According to article 18 of the Bylaw it is necessary to appropriately register the custom of *martinki* as intangible asset through several types of recordings: a) field research for audio recording of the custom, that will produce descriptive recordings and more accurate reconstruction of its traditional model; b) recording of audio-visual recording with reconstruction of the authentic (traditional) model of the custom, as well as audio-visual recording of the custom in its more contemporary form.<br>In order to stimulate the transfer of the custom of *martinki* that is practiced on the feast of Marta (Letnik) and goes on for almost the entire month of March, it is necessary to have a certain affirmation through presentation of documentary films that will present the custom and its ritual practice. The making and wearing of the *martinki* in contemporary conditions (whether by individuals on their own initiative or in an organized manner through kindergartens and primary schools) speaks volumes about the efforts to transfer this tradition as a cultural heritage. We consider that it is important that this custom is preserved in its traditional form and not to allow the customs of the neighboring people to interfere. | |
| Level of protection:<br><br>Regime of protection of second degree | |
| Removal: | Connection with other protected asset:<br><br>Chetr se – custom connected with the feast of the 40 holy martyrs (Mladenci) in Shtip and the feast of Gjurgjovden (St.George's day) among the Macedonians from the Republic of Macedonia. |
| Description of the property:<br><br>The custom of making of *martinki* and certain types of amulets made from intertwined threads (usually of red and white colors) is usually connected with the beginning of the month of March – the 1st of March, that is known by several names: Marta, Prvna Marta, Baba Marta, Martinden, Letnik etc.). Apart from the usual folk interpretation that the *martinki* are worn for health and good luck throughout the coming year/summer, there is an interpretation that they also provide protection from snakes during the summer months.<br>The *martinki* themselves are made from red and white threads that according to the tradition are intertwined on the night before the 1st of March, or in some cases on the day of the feast itself before sunrise. According to one custom recorded in the Radovish region, if the threads are intertwined, in that case the snakes will "intertwine around the people while they work the fields". In certain areas | |

(such as Pijanec) there is a belief that the *martinki* are not supposed to be exposed to the Sun – "in order not be burnt by the Sun during the summer" i.e. for the carrier of the *martinki* to not get burnt by the Sun.
The *martinki* are usually worn for several days during the month of March as amulets for protection against evil, accidents and treble (for health and good fortune) and are connected with the arrival of migrant birds from the south. According to the folk interpretation registered in several eastern regions of Macedonia, the *martinki* are worn until the first migrant bird is spotted at which time it is placed under a stone. There are several variations concerning the colors of the threads from which the *martinki* are made, such as *martinki* made from white and black wool in natural colors (Debarca), or from red and dark blue threads as it is done in the villages near Radovish where the *martinki* are worn on several body parts (arms, neck, waist) as well as on the *butim*.

| Characteristic entry: | Author of the entry: |
|---|---|

Special characteristics:

Special characteristic for this custom is the making of amulets of bi-colored threads, most often red and white woolen threads, but sometimes also with special anthropomorphic figurines.

Spatial context:

Concerning the custom with the *martinki* that are being made in the different areas on the territory of the Republic of Macedonia, there can be comparative research and analysis made that would aid in registering also the specific local and regional varijanti of the ritual. On the other hand, the customs that are practiced in view of the *martinki* can be compared also with the rite practices concerning this ritual all over the eastern and central part of the Balkan, and even further.

Author of the property:

| Date of inscription: | Name of the person who made the inscription: |
|---|---|

Remarks:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Управа за заштита на културното наследство
СКОПЈЕ